| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | ,,Како да се грижам за моето здравје“ |
| **Содржина на денот** | „Кога се разболувам, кој ме лекува“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за човекот, неговите културно-хигиенски навики и грижата за своето здравје. |
| **Активности** | Со помош на слики, апликации и лекарски прибор запознајте го детето со лекарот и неговата улога во зачувување на здравјето. Поттикнете го детето да размисли и да сподели свое лично искуство од посета на лекар со цел подобро да ја разбере улогата на лекарот. Потоа водете разговор по слика за лекарскиот прибор ( именување, опишување: боја, изглед, форма и сл.) и објаснете му на детето кое за што служи.<br>Откако ќе завршите со разговорот и со опишувањето на лекарскиот прибор, предложете му на детето да моделира ,,Лекарски прибор“ користејќи пластелин. Пред да започнете со моделирање направете вежби за раздвижување на фината моторика на дланките и прстите, а потоа започнете со моделирање.<br>Активноста завршете ја со имитативни игри „На лекар“ , така што децата ќе бидат во улога на лекари, а куклите кои што ќе ги прегледуваат ќе бидат пациенти. Во текот на играта, поттикнете го детето да ја објасни улогата на лекарот , колку е важен за нашето здравје.<br>На крајот слушнете ја песната ,,Мојата докторка“ – Златно Славејче 2017год. |